## Одржана првата работилница за корисниците од мерката „Инвестиции во рурална инфраструктура” од ИПАРД Програмата за 2014-2020



На ден 29.06.2015 година во просториите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во Скопје се одржа првата работилница од предвидените 4 настани низ Македонија за корисниците од мерката „Инвестиции во рурална инфраструктура” од ИПАРД Програмата 2014-2020. Овие работилници се реализираат во рамките на Твининг лајт проектот за поддршка на ИПАРД Агенцијата за подготовка за акредитација на мерката „Инвестиции во руралната инфраструктура” кој го спроведуваат Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој заедно со Агенцијата за земјоделски пазари и рурален развој од Република Словенија.




Целта на проектот е да го зајакне капацитетот на Агенцијата согласно европските и националните барања за спроведување на оваа мерка и да ги подготви сите документи неопходни за добивање на акредитација за користење на средствата.

Воведувањето на мерката за „Инвестиции во руралната инфраструктура” е значајна

бидејќи е наменета за подобрување на условите за живот во руралните средини, за создавање на поволна средина за економски развој и отворање на работни места, за корегирање на регионалните диспаритети и за придонес во процесот на намалување на отселувањето од руралните области.



На овие работилници од страна на претставници од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој и Словенечките твининг партнери ќе бидат претставени критериумите за спроведување на оваа мерка, постапката пред Агенцијата, основните критериуми за јавни набавки согласно ПРАГ и искуството на земјите членки на ЕУ во спроведувањето на оваа мерка.

Работилниците ќе продолжат да се реализираат во Штип на 30.06.2015, во Гевгелија 01.07.2015 и во Кичево на 02.07.2015 година, сите со почеток од 10:00 часот.